Јасмина Делчева-Диздаревиќ
Наташа Ангелоска-Галевска
Универзитет Св. Кирил и Методиј
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ - ПОТРЕБА ВО СОВРЕМЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

## *Вовед*

Инклузијата претставува движење во кое фокусот е ставен на односот на општеството према оние кои се различни и кои се на било каков начин обесправени заради пречки во развојот, инвалидитет, сиромаштија, етничка припадност, социјално потекло, националност, јазик, пол, возраст, религија или политичко убедување. Стравот, предрасудите и непознавањето предизвикуваат исклучување на оние кои се поинакви. Но, низ интеграција, заеднички соживот и едукација, предрасудите можат да бидат надминати, а ставовите променети. Затоа во инклузијата како социјален модел, акцентот не се става на поединците кои се поинакви, туку на општеството кое треба да се промени и создаде услови за социјална кохезија и инклузија. Тоа значи дека не се обидуваме да ги лечиме поинаквите, различните од себе, туку да го излекуваме општеството. Според тоа, инклузијата не претставува само хуман однос кон различните луѓе или деца со потешкотии во развојот, туку обид на градење хуман однос и кон сопствениот живот и хуман однос кон иднината. Ваквиот приод бара темелни промени во размислувањето на луѓето, промени во врежаните ставови и односот кон поинаквите, различните од себе.

## *Социјалната и образовната инклузија во Република Македонија*

Инклузијата е сложен и долготраен процес чија имплементација изискува сеопфатна реформа на системот на воспитанието и образованието. Во различни земји во светот, па и во нашата, се тежне кон идеално образование, при што се истражуваат флексибилни модели на организацијата на училиштето, кои би го подобриле престојот на децата во училиште и би го олесниле образовниот процес на децата и возрасните. Филозофијата на инклузијата е да

промовира образование за сите ученици според нивните можности. Со редефинирање на ставовите, поинаквите би можеле да бидат ценети заради она што всушност се, било да се лица со пречки во психо-физичкиот развој, надарени деца, деца без родители, раселени лица, социјално загрозени лица, малцински групи, или други лица со посебни образовни потреби.

Социјалната инклузија е неделива од образовната и чинат една целина во рамките на Европскиот процес за социјалната инклузија. Заклучоците изведени од Министерството за труд и социјална политика во публикацијата "На патот кон ЕУ" - придонес на граѓанското општество во креирање на политики за социјално унапредување на нашата земја", претставуваат, меѓудругото и критички осврт кон Националната програма за развој на образованието 2005-2015, со посебен осврт кон инклузијата. Општата констатација е дека одредбите со кои се регулира правото на образование и се утврдуваат механизмите за нејзина реализација се распределени во повеќе законски и подзаконски акти со што се создават тешкотии за нејзина имплементација.

Бариера за социјалната и образовната инклузија претставува непостоењето на категоризација во предучилишното воспитание, како и недефинираните критериуми за партиципација на деца од семејства со различна материјална состојба со што би се обезбедила нивна поголема  опфатеност. Не постои бесплатно предучилишно воспитание за децата од социјално загрозените семејства, за децата кои се згрижени во други семејства и децата кои со своите мајки привремено престојуваат во засолништа. Освен во рамки на одделни проекти, не постојат компензаторски воспитно-образовни програми за децата со посебни образовни потреби. Не се законски регулирани стипендиите за одличните ученици кои се од семејства со низок социјален статус, како и од руралните средини во однос на нивното школување на сите нивоа на образование. Националната програма за развој на образованието 2005-2015 година не предвидува мерки и активности за надминувањето на осипувањето во текот на школувањето кај ромските деца, посебно кај девојчињата. Исто така изостанува и имплементацијата на Акциониот план за образованието на Ромите како дел од Декадата на Ромите.

Сепак, треба да се истакне дека во Националната програма децидно е кажано дека децата со посебни образовни потреби ќе бидат заштитени од образовна, а паралелно со тоа и од социјална ексклузија. Според тоа, една од задачите на образовните установи треба да биде перманентната ангажираност за детекција и извлекување на оваа категорија на деца однивните домови и нивно активно вклучување во

формалниот воспитно-образовен процес, како и интензивирање на напорите за обука на наставниот кадар за работа со оваа категорија на деца.

Од овој краток осврт, може да се заклучи дека иако според член 1 од Уставот на Република Македонија е социјална држава, долги години законодавството во доменот на правата на лицата со посебни потреби беше дисхармонично и недоволно. Поорганизирани напори за надминување на оваа состојба почнуваат кон крајот на 2005 година со кампањата поведена од невладини организации за донесување системски закон за заштита на правата и достоинството на лицата со хендикеп, што беше подржано од Владата на Република. Последниве години значајно се интензивирани активностите за подготвување и донесување позитивни законски решенија и мерки за зголемување на можностите за образование и општествена партиципација на сите возрасни групи, без оглед на полот, социјалната положба, здравствената состојба и етничката припадност.

## *Образованието на децата со посебни образовни потреби*

Воспитанието и образованието на децата со посебни образовни потреби претставува интегрален дел на единствениот образовен систем. Статусот на овој вид на образование е различен во различни земји, во зависност од низа фактори, но без оглед на степенот на развиеност, како и општественото уредување, земјите организирано се мобилизираат за решавањето на проблемите на децата со посебни образовни потреби, како и задоволување на истите.

Сосема извесно е дека воспитанието и образованието за децата со посебни образовни потреби во нашата земја несе потпира врз долга традиција. Во развојниот период од шеесетина години, како позначајни може да се издвојат следниве активности:

- Нормативно е регулиран флексибилен систем на воспитанието и образованието;
- Создадена е мрежа на установи што ги задоволуваат постојните потреби;
- Утврден е систем за финансирање;
- Обезбеден е задолжителен тимски преглед на соодветни стучни комисии пред  упатувањето на децата во соодветни институции;
- Воспитно - образовните процес се реализира според адаптирани наставни планови и програми кои содржат соодветни специфичности;
- Актуелната концепциска поставеност на воспитанието и образованието на деца и младинци со посебни образовни

потреби е регулирана и интегрирана во основното образование и во Законот за средно стручно образование

- Крајната цел на воспитанието и образованието на децата со посебни образовни потреби е иста или слична како на оние од "редовната популација";
- Воспитанието и образованието на децата со посебни образовни потреби е организирано во посебни установи и училишта, посебни паралелки при редовните училишта, како и во редовните одделенија заедно со другите врсници;
- Задолжителноста на воспитанието и образованието се однесува и на овие деца, освен за оние кои имаат поголеми тешкотии во психо-физичкиот развој, за кои исто така е организиран воспитно-образовен програм кој е адаптиран на нивните индивидуални можности и потреби;
- Наставните планови и програми се адаптирани, модифицирани, редуцирани, растоварени, согласно со видот на попреченоста;
- Законската заложба, како и стручната, за учениците со посебни образовни потреби е условите да се доближат до овие ученици секогаш кога тоа е можно;
- Децата со посебни образовни потреби ги имаат истите права на образование како и другите, согласно своите интелектуални и други можности, амбиции и таленти.

Ваквата нормативна поставеност на воспитанието и образованието на децата и младите со посебни образовни потреби претставува добра основа за негово правилно доградување и усовршување.

При изготвувањето на "Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование (2007)", како примери се третираат искуствата на развиените земји во светот, најновите научно-истражувачки резолуции на меѓународните тела и организации (УНЕСКО, ООН).

Во проектирањето на концепциските рамки на воспитанието и образованието на децата и младите со посебни образовни потреби во нашата земја, треба да бидат имплементирани светските трендови и евроинтеграциските процеси, како што се:

1. Законодавна интегрираност, односно непостоење на паралелни закони кои ќе го регулираат воспитанието и образованието на децата со посебни образовни потреби, и
2. Социјална и образовна инклузија на децата и младинците со посебни образовни потреби во образовниот систем и општеството, односно надминување на секаков вид на сегрегација.

Предноста на ваквиот пристап се аргументира со следново:

- Децата со посебни образовни потреби не се изолирани, така што имаат можност да се доживеат себе си како дел од одделението и колективот;
- Училиштето се насочува кон создавање на услови за најефикасен однос помеѓу учениците, а особено кон оние кои имаат специфични образовни потреби.

Воспитно - образовната инклузија не подразбира само физичко сместување на овие деца, туку организација на работата и животот во училиштето што се постигнува со обезбедување низа претпоставки. Паралелно со процесот на инклузија потребно е да се развијат служби што ќе обезбедат тимски приод при разрешувањето на секаков вид на проблеми што ќе се појават во училиштето, вклучување на дефектолог како стручно лице за работа со децата со посебни образовни потреби, што за жал во нашата земја сеуште не е практика. И покрај постоењето на стручни кадри, работата на дефектолозите се сведува на волонтерско ниво или во рамките на одделни проектни активности. Тоа доведува до дисконтинуитет во работата со овие деца и неможност да се постигнат оптималнин резултати.

Последниве години се реализираа неколку проекти со ваква намена. Најпрво беа опфатени 5 основни уилишта, а потоа се влучени и 13 предучилишни установи (градинки). Целта на овој проект е да се создадат подобри услови во редовните училишта за вклучување на децата со потешкотии во психо - физичкиот развој, на децата со емоционални проблеми, деца без родители и др. Проектот е проширен на 72 училишта што поттикна интерес во јавноста за воспитанието и образованието на децата со посебни образовни потреби и менување на ставот и сфаќањето на родителите за вклучување на нивните деца во редовната настава.

## *Надарени ученици*

Под поимот надарени деца се сметаат оние деца кои имаат високи интелектуални способности, иако тие може да биде изразени со различен степен и квалитет. Во развиените држави со посебно внимание се разгледуваат прашањата за откривање и адекватен третман на надарените ученици бидејќи под влијание на стимулативни услови надареноста може континуирано да се развива.

Идентификацијата на надарените деца треба да се заснива на многубројни и различни извори, како на пр.;

- постојано и континуирано следење на детето;
- анализа на неговите резултати како во училиштето, така и вон училиштето;
- проценка од страна на наставниците и споредување со неговите

врсници;
- тестирање на учениците и примена на техники за испитување различни видови на интелектуални и креативни способности.

Најновиот модел за откривање на надарените ученици опфаќа три фази:
- Првата фаза опфаќа откривање на поголема група на ученици за кои наставникот има согледување дека се надарени и следење на учениците не само во процесот на учењето и нивните резултати (оцени), туку следење на нивните постигања во разни сфери и подрачја на нивното делување. Големо внимание се обрнува на мислењето на наставникот, а посебно се внимава на учениците од пониските слоеви на општеството, како и на децата од различните културни средини.
- Вториот чекор е откривање конкретно на надарените ученици во широка група, притоа се одредува и оценка за нивната надареност на  посебна скала по пат на тестови. Тестовите на способност помагаат во одредувањето на коефициентот на интелигенција што кај овие ученици изнесува над 120 IQ.
- Третата фаза е работа со родителите и запознавање со фактот дека нивното дете е надарено и дека со таквото дете треба повнимателно да се работи.

Во основното образование во нашата земја, работата со надарените деца не е посебно дефинирана. Во практиката се применува концептот на додатна настава, како и развивање на проширени и продлабочени наставни програми и активности во училишните секции за надарени ученици. Надарените деца имаат потреба од посебен третман во наставата, во смисла на пронаоѓање на поинакви приоди, наставни методи, стратегии на учење и поучување, кои "е го спречат претопувањето на овие деца во т.н. замислен просек во одделението. Имено, за максимален развој на капацитетот на надарените деца, потребно е во наставата да се понудат содржините и активности чие исполнување ќе претставува предизвик. Со Законот за основно образование овозможено е побрзо напредување на учениците во текот на школувањето. Сепак кај нас во практиката нема воспоставено критериуми и постапки за рано откривање на надарените ученици, како и создавање на подобри можности за развој на нивните способности.

## *Маргинализирани етнички групи*

Република Македонија се обидува да изгради стандарди за заштита на етничките заедници кои живеат во неа, сепак кога се во прашање Ромите, евидентно е отсуството на конзистентна државна

политика како и координација на напорите и ресурсите. Според официјални статистички резултати, во структурата на населението во нашата Република, Ромите учествуваат со 2,66%. Затоа Ромите не само во нашата земја, туку и во многу други, се третираат посебно. Постојат многубројни меѓународни документи кои нашата Република е должна да ги почитува. Во склоп на декадата на Ромите, донесена е стратегија за интегрирање на Ромската популација, Генерални цели на Националната стратегија за Ромите во нашата Република се:

- Остварување на севкупна интеграција и партиципација на Ромите во главните текови на нашето општество;
- Овозможување на еднаков пристап кон постојните општествени можности;
- Намалување на сиромаштијата и социјалната ексклузија кај Ромите како најмаргинализирана група;
- Остварување на долгорочен развиток на ромската заедница од секој аспект;
- Подигнување во возможни рамки на просечниот квалитет на живот во Републиката преку напорите на државата за подобрување на животните услови и на Ромите;
- Намалување на разликите во образовното ниво меѓу Ромите и нeромското население;
- Справување со појавата на предрасуди и дискриминација кон Ромите.

Во изминатиов период се реализираа и бројни проекти кои се однесуваат на оваа популација, иако и тие се се уште недоволни да ги решат проблемите. Од посебна важност во овој процес е подобрувањето на капацитетот и претставниците на ромската заедница. Овој факт обезбедува поквалитетна повратна реакција како и сугестии за политиките кои ќе бидат прифатени за имплементација во стратегијата.

На полето на образованието, ранливите групи се соочуваат со специфични проблеми, како на пример:

- Еден од главните проблеми кој се однесува на образованието на децата, а е присутен во сите региони на нашата земја е постоењето на образовна исклученост. Образовната исклученост се однесува на сите степени од образовниот систем и покрај неговата задолжителност.
- Како причини за недоволната опфатеност на децата Роми во предучилишните установи се наведуваат нискиот социјален статус на нивните семејства, како и оддалеченоста на установите од нивното место на живеење. Невклучувањето на децата во предучилишните установи, која покрај социјално-заштитна

има и воспитно - образовна функција, доведува до разлики во подготвеноста на децата за почеток на основното образование, а со самото тоа доведува и до различен старт во животот;

- Исклученоста на децата од основното образование се должи на повеќе фактори. Една од причините претставува лошата материјална состојба на семејствата и раното вклучување на децата во работни активности со цел да го подобрат семејниот живот. Постои и ниското ниво на свесност кај родителите за потребата од образование.
- Иако и средното образование е законски регулирано и е задолжително, сепак постои висок процент (33,9%) од младите на возраст од 15 до 19 години кои се исклучени од образованието. Исклученоста од образовниот систем е највисока во руралните средини на сите региони. Околу 30% одлични ученици не го продолжуваат образованието во средните и високите школи заради сиромаштијата на нивните семејства, но и поради непостоење на стипендии за стимулирање на овие деца да го продолжат образованието. Со ова се намалуваат нивните можности за вработување, а се зголемува ризикот и за социјална исклученост.

## *Раселени лица*

Прашањата од областа на азил, миграција и интеграција на нови жители ширум светот се комплесни и сложени за решавање. Интеграцијата на новодојденците во општеството е динамичен и двонасочен процес, кој бара напори од страна на сите кои се вклучени во тој процес. Потребна е подготвеност од страна на имигрантите, да го прифатат општеството домаќин, без да се откажат од сопствениот културен идентитет, како и подготвеност од страна на заедниците-домаќини и јавните институции да ги примат новодојденците во општеството и да ги задоволат потребите на различните групи луѓе.

Концептот на развој на интеграциона политика за имигранти, треба да овозможи мерки од страна на државата, со кои ќе се овозможи имигрантите да станат одговорен дел од економскиот, социјалниот и политичкиот живот во општеството во кое се дојдени. Воедно, треба да се земе предвид и респектирањето на културните и социјалните разлики, како и човековите права и човечкото достоинство.

Промоцијата на фундаметалните права, недискриминацијата и еднаквите можности за сите, се клуч за еден успешен интеграционен процес. На нашата Република се уште недостига сеопфатен политички документ за нејзината политика за интеграција на имигрантите. Развивањето на стратегискиот документ е во суштина политички

инструмент. Првиот чекор, кон развивање на функционална политика на социјална интеграција се препораките, кои имаат за цел подобрување на постоечката легислатива, како и начините на нејзино спроведување.

Стратегијата за интеграција на бегалци и странци, ќе служи како основа за развој на националните акциони планови за интеграција на бегалците и странците во општеството, во кои ќе се дефинираат специфичните мерки и активности за остварување на стратешките цели и насоки. Оваа стратегија треба да го уважи правото на човекот за индивидуално однесување и избор, во контекст на основните права на сегашното како и потребите на идното население. Тоа овозможува преку социо - економскиот развој да се создадат сеопфатни, одржливи и изедначени можности за развој на поединците. На тој начин се гарантира дека стратешките определби за интеграција на бегалци од страна на нашата земја се движат во рамките на вредностите, нормите и социјалните права, кои се карактеристични за Европската Унија.

### *Обука на наставниците за инклузивно образование*

Иницијалното образованите на наставниците во Република Македонија се одвива на четири државни универзитети во Скопје, Битола, Штип и Тетово) и на еден приватен универзитет (Универзитетот на Југо-источна Европа во Тетово).

Долго време во универзитетските програми постоеше дефицит на курсеви и содржини за обука на наставниците за работа во инклузивна училница. Редовните наставници не се образуваа за работа со деца со посебни потреби или добиваа само мал обем на содржини во рамки на некои воведни курсеви. Ситуацијата е подобрена последниве години, со реформирањето на студиските програми на Универзитетите, прво, заради примена на принципите на Болоњската декларација, потоа заради нови законски регулативи кои ги донесе Законот за високо образование.

На Филозофскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, кој е високо-образовна институција со најдолга традиција во земјата, пред петнаесетина години започнаа да се организираат студии за едукација и рехабилитација на лица со пречки во развојот, кои се единствени студии од ваков вид во земјата. На Институтот за дефектологија се подготвуваат специјалисти дефектолози обучени за работа со лица со посебни потреби. Дефектолозите работат главно во посебните училишта и заводите. Иако законот предвидува тие да се и составен дел на стручниот тим на училиштата, во практиката нив ги има само во оние редовни училишта каде постојат посебни паралелки, а не и во училиштата каде децата со посебни потреби се

вклучени во рамки на редовните паралелки. Академскиот кадар од овој институт е ангажиран за предавање предмети и на редовните студии за педагози, наставници и воспитувачи на Институтот за педагогија на истиот факултет. Анализата на содржина покажува дека во најновите акредитирани студиски програми на Институтот за педагогија што почнаа да се реализираат од академската 2009/2010 година, се вклучени околу четиринаесет изборни предмети насочени кон обука на наставниците за социјална кохезија и инклузија. Такви се предметите: Психологија на деца со посебни потреби, Инклузивно образование, Специјална педагогија, Социјална психологија, Домска педагогија, Доживотно учење, Педагошка етика, Педагошка работа со ранливи деца, Образование на возрасни во Македонија, Описменување на возрасни, Социологија на култура, Воспитна работа со деца со пречки во поведението, Работа во советувалиште, итн. Сите наведени предмети имаат статус на изборни предмети, со шест, односно четири кредити оптовареност за студентот. На овој Институт постојат и единствени студии за образование на возрасни, на трите циклуси на студирање, додипломски, магистерски и докторски студии.

Анализата на програмите на Педагошкиот факултет во Битола при Универзитетот Св. Климент Охридски, покажа застапеност на пет курсеви кои директно или индиректно ја разработуваат проблематиката на социјална и образовна инклузија: Полово образование, Етика, Основи на демократијата со методика, Социјална педагогија, Социјална патологија и Перманентно образование. Слично е и на останатите Педагошки факултети во државата.

Во однос на обуката и професионалното усовршување на постојните наставници за инклузивно образование, долги години состојбата беше стихијна и не постоеа системски решенија во однос на професионалниот развој и напредување на наставниците. Причините за ваквата состојба произлегуваа од недостаток на национална стратегија во оваа област и недоволна и неефикасна соработка меѓу надлежните институции (Биро за развој на образованието, Универзитети, училишта), како и на недостаток на домашна материјална и финансиска помош. Професионалното усовршување се одвиваше главно во рамките на различни проекти финансирани од надворешни донатори, како на пример програмите ФАРЕ, КАРДС, ТЕМПУС финансирани од Европската зедница, потоа проекти на Европската Фондација за Обука ЕТФ, УСАИД, ФИООМ, Светска банка, итн. За жал, само дел од наставниците се вклучени во ваквите проекти, а еден голем број останува без никава дополнителна педагошка или стручна обиука.

Позитивни чекори на овој план направени во последниве години се посебните сектори за професионален развој на наставниците формирани во Бирото за развој на образованието (2006) и во Центарот за стручно образование (2007). Разработени се и критериуми за професионално напредување на наставниците. По извршеното истражување и анализа на потребите за обука на наставниот и раководниот кадар во училиштата, беше изготвен Јавен оглас на понудувачи на обука и услуги. Согласно својот интерес, училиштата конкурираа за програми за обука во шест последователни циклуси, а сите овие активности беа помогнати со Проектот за модернизација на училиштата.

## *Заклучоци и препораки*

Постојат уште многу предизвици во процесите на градење на социјалната кохезија и инклузија во македонското општество. Иако се направени позитивни чекори напред со донесувањето на новите законски решенија и со понудата на програми за образование и обука на наставниците и учениците, потребни се уште многу систематски активности за обезбедување на неопходните институционални, човечки, материјални и технички ресурси за имплементација на инклузивното образование. Системските решенија од последните години, како што се концепцијата за деветгодишно основно образование, задолжителното средно оразование, бесплатните учебници и другите активности кои беа претходно споменати, треба да овозможат помасовна партиципација на ранливите групи во образовниот систем.

Инклузијата на децата со посебни потребни масовно започна во училиштата но без соодветна подготовка. Иако училиштата формално ја подржуваат инклузивната практика, тие не се ни материјално ни стручно подготвени за нејзино успешно спроведување. Потребна е многу поголема подршка, намалување на бројот на деца во паралелките, обезбедување материјални и технички услови, стручна помош на редовните наставници од дефектолози, логопеди и други стручни лица.

Ургентен правец за развој на инклузивната практика треба да биде  подобрувањето на системот на подготовка на наставниот кадар, воведување на компензаторски програми за предучилишни деца и деца со посебни образовни потреби, итн.

Без политичка волја, невозможно е да се оствари инклузијата, особено во образовните институции, затоа што образовната инклузија е зависна од едукативните и социјалните вредности, како и од чувствителноста за индивидуалната вредност. При тоа, не смее

да се заборави дека процесот на образование не се одвива само во училиштето, туку тоа се случува и во општествената заедница, на работното место и секаде каде постои потенцијал за едукација. Заради сите овие чинители инклузијата не смее да се гледа од аспект на потребите на одредена личност или поединец, туку инклузијата претставува процес на реструктурирање на образованието во целина.

## *Библиографија*


*Акционен план за образование* (2004), Декада на вклучување на ромите во РМ,Скопје: Влада на Р.М.

Education Program (2008), Skopje: Foundation Open Society Institute, DTP-Skarabej

*Закон за средно образование*, "Службен весник на Република Македонија", бр. 67/04, бр. 55/05;

Јачова, З. (2004) "Инклузивното образование на децата со посебни потреби во Република Македонија" *Дефектолошка теорија и практика*, бр.1-2, 35-46

*Концепција за деветгодишно основно образование* (2007) Скопје: Министерсво за образование и наука, Биро за развој на образованието.

*На патот кон ЕУ: Придонесот на Граѓанското општество во креирање политиката за социјално вклучување во Р.М.* (2008), Скопје: МТСП.

*Национална програма за развој на образованието во Република Македонија: 2005-2015*, (2005) Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија;

*Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија* (2001), Службен весник бр.101

*Roma Education Projects Portfolio (2008),* Skopje: Foundation Open Society Institute.

*Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Р.М. 2008-2015*, (2008), Скопје: МТСП.

www.graganskisvet.org.mk
www.hendikep.org.mk
www.mon.gov.mk
www.sei.gov.mk
www.see-educoop.net
www.soros.org.mk
www.stat.gov.mk
www.europa.eu.int/comm/education/


**Клучни зборови:** социјална инклузија, образовна инклузија, образование на деца со посебни образовни потреби, надарени деца, маргинализирани групи, раселени лица